SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

florozon
center for environmental democracy

ВОДИЧ ЗА ЕКОЛОШКА АНТИКОРУПЦИЈА

Norway

CPCD
Centar za promociju civilnog društva

IDM
Institute for Democracy and Mediation
Instituti për Demokraci dhe Ndërmjetësim

CRPM
Center for Research and Policy Making
...policy impact since 2004

SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

florozon
center for environmental democracy

ВОДИЧ ЗА ЕКОЛОШКА АНТИКОРУПЦИЈА

Скопје, декември 2023

Norway

CPCD
Centar za promociju civilnog društva

IDM
Institute for Democracy and Mediation
Instituti për Demokraci dhe Ndërmjetësim

CRPM
Center for Research and Policy Making
... policy impact since 2004

Наслов:
Водич за еколошка антикорупција

Изготвил:
Кире Шарламанов

Соработник:
Кирил Ристовски, ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија

Нарачател:
Здружение на граѓани ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија

Проект:
Механизам за превенција од корупција

Оваа публикација е развиена со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институт за демократија и медијација (ИДМ), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.

Содржината на публикацијата е единствена одговорност на здружението на граѓани ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија и не мора да ги одразува ставовите на Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, „Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институт за демократија и медијација (ИДМ)“.

Содржина

Што е корупција 7

Категоризација на корупцијата 7

Последици од корупцијата 9

Корупција во животната средина 9

Причините за корупцијата во животната средина 11

Видови на корупција во областа на животната средина 12

Злоупотреба на службена позиција 12

Поткуп 13

Тргување со влијание 13

Откривање на класифицирани информации
заради лична корист 14

Нивоа на корупција во областа на животната средина 14

Улогата на меѓународните институции
во борбата против корупцијата 15

Превенција на корупцијата во животната средина 16

Систем за превенција и спречување на корупција во областа на
животната средина во Република Северна Македонија 18

Институции каде што постои ризик од појава на корупција во
заштитата на животната средина 20

Законска регулатива за заштита на животната средина
во Република Северна Македонија 21

Акциони планови за спречување на корупција на општинско ниво
(превенција на корупција на средно ниво) 22

Како да се пријави корупција
(превенција на корупција на ниско ниво) 23

Како се пријавува корупција кај овластеното лице
за прием на пријави ? 23

Кои се должностите на овластеното лице за прием на пријавата за
корупција? 23

Кои се потребните податоци за успешен поднесок за коурпција? .. 24

Литература 26

Што е корупција

Терминот корупција потекнува од латинскиот термин corruption, што во превод значи расипаност, трулење, распаѓање. Една од најпознатите дефиниции на корупцијата е онаа на Џосеф Нај кој смета дека корупцијата е секое однесување што отстапува од формалните должности на носителот на јавна фунцкија (или административен работник) поради приватни цели (лични интереси, интереси на блиското семејство, приватни клики), парична корист или статусна добивка (Nye 1967). Корупцијата во нијширока смисла на зборот е поврзана со злоупотреба на овластувањата кои ги имаат лицата кои се дел од административниот апарат на јавната власт. Корупцијата претставува злоупотреба на моќта на лицата кои имаат јавни овластувања за остварување на личен бенефит. Корупцијата може да опфати добивање на бенефит на службениците во јавната администрација за работа која секако мора да ја завршат по закон, но исто така корупцијата може да опфати давање на користење на јавни добра на лица кои тоа не го заслужуваат, доколку тие ги корумпирале чиновниците во јавната администација кои ги носат одлуките поврзани со давањето на право за користење на јавни добра. Корупцијата во областа на животната средина на пример, може да опфати случаи во кои на одредени лица, групи или граѓани им се дава можност да развиваат дејност која излегува надвор од еколошките стандарди и на тој начин го загрозува здравјето на граѓаните и квалитетот на животната средина. Според Законот за спречување на корупција и судирот на интереси корупцијата подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положбата за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Под судир на интереси пак се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Коруптивното поведение по правило вклучува незаконски активности со кои некој добива бенефит кој според општо прифатените општествени правила не му припаѓа, а за сметка на тоа го запоставува остварувањето на општото добро на граѓаните.

Вршењето на коруптивни дејствија го нарушува интегритетот на лицата кои се вклучени во коруптивни релации. Интегритетот во таа смисла е квалитет на дејствување кој што е во соглсност со општо прифатените вредности и норми кои одат во насока на заштита на јавниот интерес. Коруптивното поведение значи дека наместо јавната власт и администрација да работи во интерес на остварување на општото добро, тие работат за остварување на користољубивите цели на поединци вработени во јавната администрација или такви кои се дел од јавната власт.



Слика 1, Корупција
Извор: Јовановски: 2020

Категоризација на корупцијата

Во потрадиционалните општества кои се базираат на неформални релации меѓу поединците, интеракциите меѓу социјалните агенти вклучуваат заблагодарување за направена услуга со давање на подарок на граѓанинот кој ја направил услугата. Така во неформалната сфера корупцијата станува дел од културата на живеење. Во теоријата тоа се смета за бела корупција. Тоа е тип на поведение кое во дадена културна матрица, вредносни норми и разбирање на општествената реалност не се смета за етички неприфатливо и штетно и оттука отсуствува свеста за борба против истото. Поради преовладувачкиот менталитет белата корупција најчесто останува правно и општествено несанкционирана.

Давањето на подароци со релативно мала вредност за завршена услуга во болница или на шалтер може да се смета за пример за бела корупција. Белата корупција во одредени општества може да биде широко рашиространета и општо прифатена.

Проблемот настанува кога корупцијата ќе почне да ги засега правата на останатите граѓани. На пример, кога поради корупција или непотизам некој поединец преку ред ќе заврши работа во болница или на шалтер, тоа ги засега правата на останатите кои мораат да чекаат подолго за да ги добијат потребните услуги или услугите што ги добиваат не се со истиот квалитетот на лицата кои ги подмитиле здравтвените или административните работници. Проблематичноста на коруптивните практики вообичаено станува видлива кога ќе дојде до обид формите на поведение карактеристични за белата корупција која ги вклучува неформалните релации меѓу поединците да се имплементираат во работата на формалните институции, владините агенции итн. Тоа во теоријата се нарекува црна корупција.

Во случаите на црна корупција наместо институциите и јавната администрација да бидат рефер и да наметнуваат стандарди на поведение кои општеството ќе го ги следи, тие трпат влијание од доминантната неформална култура.

Последицата од ваквите процеси е де-професионализација и кородирање на институциите. За случаите на црна корупција судовите вообичаено изрекуваат судски пресуди, а на сторителите им изрекуваат кривични пријави. Корупцијата не треба да се толерира и треба да се подига општествената свест за нејзината неприфатливост на секое ниво, но особено значајна е борбата против корупцијата на лицата кои се дел од јавната администрација. Доколку коруптивните практики ги аплицираат лицата кои се вработени во јавната администрација и се прошири културата на неказнивост и толеранција кон корупцијата, тогаш корупцијата станува системска појава. Системската корупција опфаќа повеќе актери и восписавување на коруптивна мрежа во која се вклучени лица од административниот апарат, како и такви кои извршуваат јавна власт.

Во случаите на системска корупција, институциите кои треба да се борат против корупцијата, ја неметнуваат културата на коруптивно поведение.

Помеѓу белата и црната корупција се наоѓа сивата која опфаќа гранични случаи кои од етичка гледна точка се сметаат за неприфатлици, но законот не ги определува како забранети или истите благо ги санкционира како прекршоци.

Класичен пример за сива корупција е непотизмот, кој најчесто се поврзува со вработување или унапредување на блиски роднини во јавната администрација.



Слика 2, Корупција
Извор: Eye on ESM (2021)

Корупцијата може да се подели на ситна т.е. мала корупција за преживување и крупна корупција во која се инволвирани големи финансиски и материјални сретства, повремена и системска, како и едноставна и сложена (Mrvić-Petrović 2001: 22). Коруптивниот однос вкчучува најмалку две страни од кои едната, онаа која прифаќа некаква корист, услога, бенефит е пасивна, додека другата т.е. онаа која нуди и ветува некаква корист, услуга, бенефит е активна.

Корупцијата има штетни последици по општеството, по еднаквоста на граѓаните во него, по остварувањето на идеалот за праведност. Корупцијата ги опфаќа речиси сите полиња на општественото живеење од јавните претпријатија, преку бизнис секторот и медиумите до граѓанскиот сектор. Корупцијата во сферата на животната средина често пати се појавува во форма на злоупотреба на државни или јавни ресурси за добивање на бенефиции на лицата кои ја овозможуваат злоупотребата. Злоупотребата за која се добива материјална противредност може да вклучува од користење на јавни реруси како шуми, води, пасишта за незначителен или никаков надомест, до загадување на водата, воздухот или почвата од страна на некое правно или физичко лице кои добило дозвола за користење

на овие ресурси и притоа начинот на користење се контролира несоодветно или најчесто не се контролира воопшто.

Последици од корупцијата

Корупцијата претставува една од најголемите закани за безбедноста и стабилноста на една земја затоа што ги поттикнува сите форми на криминал. Корупцијата го забавува економскиот развој, ги зголемува социјалните разлики меѓу граѓаните, креира несигурност во бизнис амбиентот што се одразува на динамиката на економските активти, влијае на воздржаност од инвистирање во економијата, создава незадоволство кај граѓаните, ги кочи процесите на имплементација на позитивна законска регулатива, ја намалува ефикасноста на функционирањето на институциите на државната власт. Корупцијата ја поткопува правната држава, го оневозможува владеењето на правото и е во спротивност со демократските вредности и принципи (ДКСК 2022: 13). Извештајот на Европската Комисија за борба против корупцијата за 2017 година укажува дека корупцијата ја чини економијата на ЕУ 120 милијарди евра гидишно (European Commission n.d.). Генерално земено, неспорно е дека корупцијата ги намалува економските активности, го намалува економскиот раст и ја поткопува демократијата. Таа ги пренасочува средствата кои би требало да се користат за општо добро и ги става во служба на приватни интереси на чиновници на државната администрација. Така корупцијата придонесува за зголемување на сиромаштијата, за загадување на животната средина и создава недоверба кон правната држава и кон јавната администрација. Краен резултат на ширењето на корупцијата во едно општество е недовербата која граѓаните ја покажуваат кон институциите на јавната власт, правосуството, демократијата, нерационално користење или уништување на јавните ресурси за задоволување на лични интереси.

Вистинската цена на корупцијата во областа на животната средина е многу повисока од платениот/ применот поткуп и се огледа во уништувањето на јавните ресурси и создавањето на нездрава животна средина и атмосфера за живеење на граѓаните. Индексот за перцепција на корупцијата на Транспаренси Интернејшанал и извештаите на Европската комисија покажуваат дека Северна Македонија има сериозен проблем со корупцијата генерало, па и со корупцијата во областа на животната средина[1]. Според индексот за перцепција на корупцијата во 2023 Северна Македонија се наоѓа на 76 место од 180 рангирани држави (Trading Economics n.d.). Истражувањата на перцепцијата на корупцијата правени со помош на фокус групи во 2023 покажуваат дека граѓаните на Северна Македонија се на мислење дека корупцијата е голем општествен проблем, дека нејзината сеприсутност и неказнивост има деструктивно влијание врз општеството (Димитровска 2023: 4). Резултатите од индексот за перцепција на корупцијата, мислењето кое граѓаните ги искажуваат во истражувањата кои ги прават релевантни институции, како и извештаите на Европската комисија упатуваат на потребата од намалување на корупцијата и стремеж за нејзино целосно искоренување.

Корупција во животната средина

Секторот на животна средина е многу ранлив на ризици од корупција. Потенцијално високите профити од илегална трговија со природни ресурси би можеле да бидат силна мотивација за корумпирање на луѓето вработени во јавната администација која се занимава со регулирање на користењето на природните ресурси. Некои проценки кажуваат дека заштедите од незаконско управување со отпад може да одат до 400 проценти (Van Dinh 2011). Меѓу најзначајните форми на корупција во животната средина според Догов (2000) спаѓаат: градежната мафија 9,21%, загадувањето на воздухот од страна на индустријата 9,17%, дивоградбите 8,9%, злоупотребата на минерални суровини 8,79%, нелегална сеча 8,69%, градењето во заштитени подрачја 8,38%, отворањето рудници 8,07%, градењето на мали хидроцентрали 7,79%, загадувањето на воздухот од домаќинствата 6,79%, ловокрадството 6,55%, рибокрадството 6,31.

1 Постојат различни методологии за изготвување на индексите на корупција. Имено индексите на корупција може да ги земат предвид искуствата, ставовите или перцепцијата на испитаниците.



Слика 3, Загадување на животната средина
Извор: International Republican Institute n.d.

Корупцијата може да има разорно дејство по животната средна. Таа може да има негативни последици по заштитата на сточниот фонд, дивите животни, рибите, земјиштето, шумите, како и нессодветно управување со отпадот, а особено со опасниот отпад. Еден од приоритетите за постигнување на квалитетен и здрав живот на граѓаните на Северна Македонија е чиста и здрава животна средина. Но постојат показатели дека во Република Северна Македонија животната средина е загрозена, со што се загрозуваа здравјето и животите на нејзините граѓани (ОБСЕ 2020: 7).

Корупцијата во областа на животната средина означува кршење на антикорупциските закони, но и на законите кои ги регулираат стандардите за квалитетот на животната средина. Случаите на корупција во областа на животната средина може да бидат добро организирани од врвот до дното и поврзани со организиран криминал. Тие би можеле да опфаќаат нелегална или прекумерна експлоатација на природните ресурси. Во областа на шумарството на пример, корупцијата често пати се поврзува со недостаток на институционален капацитет за следење и спроведување на постапките предвидени со постојната законска регулатива. Услови за постоење и раст на корупцијата во областа на животната средина создава ниското ниво на транспарентност и отчетност на институциите надлежни за заштита на квалитетот на животната средина и слабото ниво на владеење на правото (РЕФОРД 2023: 18). Последиците од корупцијата во областа на животната средина може да вклучуваат давање на управување на еколошки ресурси на лица кои ќе ги управуваат несовесно, ќе применуваат еколошки штетни пракси и ќе го загрозат квалитетот на животната средина, пренасочување на фондовите кои треба да се користат за одржување и подобрување на квалитетот на животната средина за цели кои не се нужно поврзани со квалитетот на животната средина, овозможување на исцрпување на природните ресурси и загадување на животната средина. Корупцијата во областа на животната средина може да се случи во секоја од фазите на експлоатација на природните ресурси (Van Dinh 2011: 35). Таа може да започне во фазите пред почнувањето со користење на природните ресурси. Во оваа фаза оние кои аплицираат за добивање на дозволи или лиценци за користење на природни ресурси може да ги корумпираат административните работници во надлежните институции за да се стекнат со право на користење на природни ресурси, што во регуларни услови можеби не би го добиле. Во фазата откога ќе добие дозвола или лиценца да користи одреден природен ресурс, субјектот може да ги корумпира административните работници и официјалните лица кога тие вршат инспекциски надзор за почитувањето на стандардите за квалитет на животната средина.

Пример: Инспектори или полицајци може да бидат корумирани од лица кои вршат нелегална сеча на шуми или сечат значително повеќе шума од количината која е дефинирана со дозволата која ја поседуваат. Слични случаи на корупција може да се појават при нелегален риболов или ловење на значително поголеми количини риба од дозволените, нелегално рударство, управување со опасен отпад и сл.

Во фазата после исцрпувањето на ресурсите, се организира транспорт на ресурсите до локација на која истите ќе бидат обработени или консумирани. На пример дрвата или рибата до кои е дојдено на нелегален начин треба да се транспортираат до крајните корисници. Овде исто така може да дојде до коруптивни активности за на сторителите на кривични дела да им се прогледа низ прсти.



Слика 4, Сеча на шума
Извор: International Republican Institute n.d.

Табела 1, Вид на корупција според фазата на користење на природните ресурси во која се наоѓаат сторителите на кривичното дело

Фази на користење на природните ресурси	Вид на коруптивни активности
Корупција во фаза пред добивање дозвола за користење на природни ресурси	Корумпирање на чиновници за да се обезбедат дозволи и лиценци за користење на природни ресурси.
Корупција во фазата на користење на природни ресурси	Корумпирање на инспектори и полицајци при вршење на инспекциски надзор и контроли на работата на субјектите кои вршат експоатација на природни ресурси.
Корупција во фаза откога природните ресурси се нелегално присвоени	Во оваа фаза се корумпираат службеници во административниот апарат за нелегално прибавените природни ресурси да се транспортираат до крајната дестинација.

Извор: Van Dinh 2011: 35

Причините за корупцијата во животната средина

Причините за корупцијата во областа на животната средина не се разликуваат многу од причините кои предизвикуваат корупција во другите области на општественото живеење, а тие вклучуваат непрецизно законодавство, непочитување на владеењето на правото, недоволно развиени еманципаторски вредности и почит кон правата на чиста и здрава животна средина на секој граѓанин, култура на неодговорност и нетранспарентност, ниско ниво на професионализам. Меѓу факторите кои создаваат предуслови за ширење на корупцијата во една земја спаѓаат нефункционалноста на судскиот систем, ниските примања на поединците кои работат во јавната администрација, недоволната институционална контрола на јавната администрација, зголемувањето на државниот интервенционизам во одделни полиња на општественото живеење. Граѓаните на Р.С. Македонија укажуваат дека недостигот на квалитетни услуги, а во дадени ситуации недостиг на било какви услуги кои на граѓаните им се потребни од една страна и ниските примања на поединците кои работат во јавната администрација и немањето на критичен однос кон корупцијата, односно нејзиното земање здраво за готово – како нешто што се подразбира и што не подлежи на критика од друга страна се најзначајни предуслови за опстојување на корупцијата (Димитровска 2023: 4). Колку што секторот е позначаен за благосостојбата на граѓаните, толку е поглем притисокот за аплицирање на коруптивни практики. Извештајот на ОБСЕ (2020) за Северна Македонија за 2019 година,

покажува очигледен расчекор меѓу законската регулативна и јавно декларираните заложби за заштита и унапредување на животната средина и реалноста во која квалитетот на животната средина се доведува под прашање. Тоа може да се должи на немањето свест за значењето на квалитеот на животната средина, на тоа што животната средина котира ниско на листата на приоритети при водењето на јавни политики, но исто така корупцијата како фактор за наведените состојби не може целосно да се исклучи. Меѓу причините за корупцијата во областа на животната средина значаен е ситуациониот фактор поврзан со можност за стекнување на значителен приватен бенефит преку овозможување на користење и злоупотреба на јавните ресирси. Оттука корупцијата во областа на животната средина претпоставува конфликт меѓу приходите што може да се добијат за користењето на ресурсите на животната средина и јавниот интерес за здрава животна средина.

Видови на корупција во областа на животната средина

Корупцијата во областа на животната средина може да се појави во низа форми почнувајќи од поткуп и заштита на приватни интереси при проектирање на национални политики, па до спроведување на програми за заштита на животната средина. Значајна форма на корупција во областа на животната средина е издавањето на лиценци, дозволи и сертификати за користење на јавни добра поврзани со животната средина. Случаите во кои издавањето на лиценци и дозволи за користење на јавни добра поврзани со животната средина се посредувани со поткуп на лицата кои ги издаваат лиценците и дозволите може да се класифицираат како коруптивни. Форма на корупција во областа на животната средина со штетни последици по квалитетот на животната средина може да биде непотизмот. Тој претставува озозможување на бенефити на член на семејството, користење или некотролирана злоупотреба на јавни ресурси до ниво на нарушување на квалитетот на живот и здравјето на граѓаните. Непотизмот е особено опасна форма на корупција, поради тоа што со текот на времето станува дел од општата култура на живеење и оттука може да се нормализира и да почне да се смета за дел од начинот на живот на граѓаните во дадена заедница. Со други зборови, иако законските решенија забрануваат влијание за вработување на блиски роднини, немањето свест за штетоноста на непотизмот, истиот го прави особено штетна општествена девијавија (ДКСК 2022: 44).

Лица кои потенцијално може да бидат вклучени во коруптивни практики се оние кои учествуваат во креирањето и носењето на политики во областа на живитната средина, лицата кои издаваат дозволи и сертификати за користење на ресурси и јавни добра, лицата кои ги котролираат политиките на заштита на животната средина како инспетори за заштита на животна средина и полицајци. Најчести форми на корупција во заштитата на животната средина се: злоупотреба на службената позиција, поткуп, тргување со влијание, откривање на класифицирана информација заради лична корист.

Злоупотреба на службена позиција

Терминот службена должност означува обврска која службненото лице, односно лицето кое е вработено во административниот апарат или врши јавна власт ја има кон почитувањето на правилата и прописите кои го регулираат работењето на лицата кои се вработени во административните тела или извршуваат јавна власт. Регулативите и прописите кои го регулираат работењето на јавната администтација се стремат кон тоа преку работата на административните тела да се оствари јавниот интерес. Службената должност по дефиција означува ограничување на начинот на кој вработените во јавната администрација се оденсуваат при извршување на своите работни задачи. Службената должност се коси со арбитрарно и своеволно однесување на вработените во јавната администрација, како и на поединците кои извршуваат јавна власт.

Во казниот законик, во член 353 постои кривично дело злоупотреба на службена положба и овластување. Злоупитребата на службената положба може да се случи поради различни причини, вклучително и поради немарност на службеното лице во извршувањето на своите работни задачи, но оваа кривично дело најчесто е поврзано со корумпираност на службеното лице, кое од тие причини немарно, недоволно квалитетно или штетно за остварување на јавниот интерес ги извршува своите работни задачи и ги исполнува

своите службени овластувања.

Злоупотребата на службената положба е поврзано со искористување на службената положба, пречекорување на границите на службеното овластување и неизвршување на службена должност. Искористувањето на службената положба е поврзано со искористувањето на дискрециониите овластувања на службеното лице на начин кој е штетен за јавниот интерес, пример кога општинскиот совет во некоја општина пренаменува земјоделско во градежно земјиште. Општинскиот совет има овластување да го направи тоа, но прашање е дали искористувањето на таковото овластување оди во насока на остварување на јавниот интерес – квалитетна животна средина. Пречекорување на границите на службеното овластување се случува кога одредено овластено службено лице ќе му издаде еколошка лицена на правно лице кое не ги задоволува стандардите за добивање на таква лиценца. Неизвршување на слубжена должност се случува кога инспецијската служба и покрај пријавите од граѓаните не ги извршува своите законски овластувања и не врши инспекциски надзор на правно или физичко лице кое го загрозува квалитетот на животната средина.

Поткуп

Поткуп или подмитување е давање, нудење и земање на нешто што има финансиска или симболочка вредност директно или индиректно, со цел вршителот на јавна должност или службеникот да изврши некоја функција на нерегуларен начин, односно да донесе одлука или да постапи на начин кој ќе го стави по привилегирана позиција оној кој го нуди или дава поткупот. Подмитувањето може да биде финансиско или во друга форма. Тоа може да вклучува давање/примање пари, заеми, придонеси, донации, патувања, понуди за вработување, вршеше услуги или друга работа која има вредност за оној кој што е предмет на подмитување. Поткупот може да се маскира под форма на подароци, донации, спонзорства. Потукот може да има форма на награда за извршување на служеба долност на начин кој го става во привилегирана позиција првоното лице кое ја дава наградата.

Кривичните дела давање поткуп (член 358 од КЗ) и примање поткуп (член 357 од КЗ) се класични корупциски дела кои се меѓусебно тесно поврзани. Тие може да бидат во тесна меѓусебна корелација, при што може да се извршат во тајна спрега меѓу давателот и примателот на поткупот. Давањето на поткуп како кривично дело може да го стори секое физичко лице, додека примателот на поткуп најчесто е службено лице, односно лице кое врши работи од јавен интерес. Давањето поткуп како кривично дело вклучува давање ветување, подарок или друга корист на службено лице за да изврши службено дејствие кое не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејсвие што би морало да го изврши. Примањето на поткуп претставува најчест облик на коруптивно однесување преку кое лицата кои треба да работат во јавен интерес на незаконски и недозволен начин се стекнуваат со имотна корист и привилегии.

Кривично кое е многу блиску од потупот е неовластеното давање или примање на подароци, што е регулирано член 253 и член 253-а од кривичниот законик. Двете дела се меѓусебно тесно поврзани како примањето и давањето на поткуп. Сторител на кривичното дело неовластено примање на податоци може да биде било кое лице. Ова кривично дело се состои од директно или индиректно барање или согласување да се прими за себе или за друг подарок или друга посредна или непосредна корист.

Тргување со влијание

Трговијатата со влијание е чин во кој одредено лице, вработен во јавна администрација или лице кои врши јавна власт го тргува влијанието кое му го овозможува службената положба за да влијае на одлуката или поведението на трето лице, поточно за да добие бенефит за себе или за лице поврзано со него. Под трговија со влијание се смета нудењето на бенефиции на вработените во јавната администрација за тие користејќи ги своите службени овластувања да ги стават по привилегирана позиција оние кои ги нудат услугите т.е. трговијата со влијание. Кривични дела поврзани со трговијата со влијание се примање награда за противзаконито влијание (член 359 од КЗ) и давање награда за противзаконито влијание (член 358 од КЗ). Сторители на кривичното дело примање награда за противзаконито влијание се лицата кои директно или индиректно примиле награда, подарок или друга корист или ветување за таква корист за себе или за трето лице за да го искористат своето релано или претпоставено влијание, службена или општествена положба со што влијаат да се изврши службено дејствие што не би смеело да се изврши

или да не се изврши службено дејствие што би морало да се изврши.

За трговија со влијание во 2014 година беше обвинет поранешниот француски претседател Никола Сакрози. Еден по попознатите случаи на трговија со влијание беше оној на гувернерот на Илиноис Род Благојевич, кој во 2008 година беше обвинет за обид за продавање на местото во Сенатот на САД, кое беше испразнето по изборот на Барак Обама за Претседател на САД.

Откривање на класифицирани информации заради лична корист

Според Законот за класифицирани информации, класифицирана информација е информација од делокругот на работа на орган на државната и локалната власт која се однесува на јавната безбадност, одбраната, надворешните работи или безбедносни или разузнавачки активности (Службен весник 2019 В). Класифицираните информации се обележани со одреден степен на класификација и заштитени од неовластен пристап. Лицата кои поседуваат класифицирана информација може да ја искористат истата или да ја споделат со лица за да се стекнат со предност во пазарниот натпревар. Класицираната информација може да се оденсува на плановите за користење на природните ресурси. Законот за класифицирана информација предвидува казнени одредби за лицата кои оддаваат класифицирана информација.

Нивоа на корупција во областа на животната средина

Според последиците кои ги остава по квалитетот на животната средина и рангот на лицата вклучени во корупција која има консеквенци по животната средина може да се зборува за корпуција на високо ниво, корукција на средно ниво и корупција на ниско ниво. Едно истражување на Институтот за демократија "Социетас Цивилис" правено во 2023 година покажува дека главна асоцијација на корупцијата на граѓаните на Северна Македонија е корупцијата на високо ниво, иако нивното непосредно искуство е во доменот на корупцијата на ниско ниво, односно ситната корупција (Димитровска 2023: 4).

Корупцијата на високо ниво опфаќа корупција при проектирање на политики за животна средина и развој на регулатива за заштита на животната средина. Корупцијата на високо ниво ги вклучува јавните службеници на највисоко ниво. Таа може да придонесе за проектирање на политики и законски решенија во кои постојат сиви зони кои може да се користат за задоволување на лични интереси, на сметка на јавните. Корупцијата на високо ниво, Светска Банка ја дефинира како "заробена држава". Заробувањето на државата се однесува на дејствијата на поединци, групи и компании во јавниот и приватниот сектор со цел да влијаат на креирањето на закони, регулативи и владини политики кои одат во нивна корист, а на штета на заштитата на јавниот интерес – како здрава животна средина (The World Bank, 2000). Корупцијата на високо ниво има најразорно дејство, во споредба со корупцијата на другите нивоа на административната и општествена хиерархија. Поради тоа што во неа се вклучени лица на највисоко ниво во јавната администрација и вршители на јавни фукнции, таа може да стане причина за корумпирање на пониските слоеви во јавната администација, како што може да почне да се шири во различни сектори на истата. Со други зборови, коруптивните практики на највисоко ниво може да овозможат или мотивираат исти такви практики на пониските нивоа и во сите сектори на јавно-административниот апарат.

Заштитата на животната средина не е меѓу првите приоритети меѓу политиките кои се спроведуваат на национално ниво во земјите во развој. Лидерите во земјите во развој би можеле да ги жртвуваат чистиот воздух, вода, биодиверзитетот, шумите доколку тоа донесе профитабилни бизниси и економски раст на краток и среден рок. Тоа упатува на можност за отворање на простор за систематска корупција која има за последица загадување на животната средина. Одлуките за усвојување или отфрлање на политики кои имаат последици по квалитетот на животната средина може да бидат поврзани со немањето свест за значењето на заштитата на животната средина, но не може целосно да се отфрли ниту корипцијата како причина за водење политики и донесување одлуки кои имаат негативни последици по квалитетот на животната средина. Пример за проект кој би можел да има штетни последици по квалитетот на животната средина, а

за кој во јавноста постојат дилеми дека би можел да биде овозможен од носители на јавната власт во Северна Македонија е рудникот Иловица. Van Dinh (2011: 34) го посочува токму давањето на концеции за рударство на странски конзорциуми како ризик фактор за корупција на високо ниво во областа на животната средина.

Корупцијата на средно ниво ги опфаќа областите на дистрибуција и давање на користење на природни ресурси, вклучително и преку повици за користење на природни ресурси на одредено време; издавање сертификати, потврди и дозволи за користење на природни ресурси и отворање на индустриски капацитети со право на дозволи за емитување и одлагање на отпад во различни форми; пишување на извештаи и проценки за квалитетот на животната средина. Корупцијата од средно ниво вклучува функционери од среден ранг, односно вториот, третиот и четвртиот ешалон на јавната администрација како на централно, така и на локално ниво (ДКСК 2022: 15). Корупцијата на ова ниво вклучува: мито, подароци, трговија со влијание, фаворизирање на дадени компании, групи и поедицни, непотизам итн. Корупцијата на средно ниво во јавните набавки на пример вклучува подмитување на службениците во јавната администрација односно земање провизија од службениците во јавната адмистрација за изигрување на редовната процедура при што понеповолната понуда да ја добие јавната набавка, при што се игра со кратки рокови за аплицирање, се ускратува јавноста на постапката, се поставуваат нереални и нелогични критериуми за потенцијалните апликанти во јавната набавка итн. Добар пример за спречување на корупција на средно ниво е случајот од 2021 година кога управата за финансиска полиција поднесе кривична пријава против едно физичко лице во својство на службено лице – раководител во министерството за животна средина и просторно планирање. Лицето беше обвинето дека изработило и одобрило А – интегрирана еколошка дозвола на ЈПДКО Дрисла – Скопје, без претходно да изврши увид на инсталацијата и нејзината работа, по што оваа претпријатие примило и третирало 16 900 килограми опасен одпад со што се стекнало со имотна корист во вредност од 455 638 денари (Управа за финансиска полиција n.d.). Како покритие за короптивно поведение од средно ниво често пати се користи недореченоста во законските решенија, широкото толкување на регулативата, големите дискрециони овластувања на јавните службеници итн. Корупцијата од среден обем може да вклулува големи финансиски сретства, особено доколку значително се зголемува профитот на компаниите вклучени во коруптивно поведение, но исто така може да вклучува и помали финансиски сретства, но коруптивното поведение да биде широко распространето. Класичен пример за корупција од среден обем е корупцијата во шумарството каде според некои податоци се плаќаат значителни финансиски сретства за добивање на концесии за сеча на дрво (Callister 1999).

Корупцијата на ниско ниво опфаќа коруптивно однесување при инспекциски надзор и полициско работење. Овде е вклучен инспекцискиот надзор од агенција за заштита на животна средна и административни тела кои се занимаваат со следење на почитувањето на еколошките стандарди. Прекрсоци поврзани со заштита на животната средина кои ги идентидикува и процесуира полицијата како ловокрадење, нелегална сеча на шуми, трговија со ресурси исл. Најчеста форма на корупција од ниско ниво е подмитувањето на административни работници, инспектори, службеници, полицајци. Корупцијата на ниско ниво вообичаено вкчлучува службеници од јавен сектор кои се релативно слабо платени за својата работа и кои имаат потешкотии во обезбедување на основни услови за пристоен живот на своето семејство. Корупцијата на ниско ниво вообичаено е ситуациска корупција. Таа вклучува спонтано поткувување на јавни службеници и одговорни лица, без претходен план или најава, со цел да се избегнат редовните казнени постапки кои ги предвидува законот. Класичен пример за корупција на ниско ниво е обидот за подмитување на полицајци од шумска полиција кога кога ќе фатат поединци кои вршат нелегална сеча на шума сопственост на јавно претпријатие “Македонски шуми.” Корупцијата на ниско ниво може да биде дел од вертикално организирана коруптивна шема и како таква може да допре до повисоките нивоа на власт.

Улогата на меѓународните институции во борбата против корупцијата

Најзначајниот меѓународен акт за борба против корупцијата е Конвенцијата на Обединетите Нации против корупцијата. Таа беше усвоена во 2003 година, на сила стапи во 2005 година, а Република Северна Македонија ја ратификуваше во 2007 година (Службен весник бр. 37/2007). Државите потписнички на оваа конвенција имаат обврска

да спроведуваат превентивни мерки против корупцијата, кривично да се спротивставуваат на корупцијата, да си пружаат взаемна правна и техничка помош во борбата против корупцијата итн. Според експертите Конвенцијата на Обединетите Нации против корупцијата може да биде значајна алатка за спречување и борба против корупцијата во секторот на животната средина на националнo, регионално и меѓународно ниво (Van Dinh 2011: 34).

Една од најзначајните институции кои стават акцент на превенцијата и борбата против корупцијата е Советот на Европа. Оваа институција во 1997 година донесе Резолуција во која се уредени принципите на борба против корупцијата (Council of Europe 1997). Меѓу позначајните принципи се зголемувањето на свеста за постоењето на корупцијата, транспарентноста на јавната администрација, криминализацијата на корупцијата, иницирањето на судски постапки за дела на корупција, намалувањето на неказнивоста и потенцирањето на одговорноста на сторителите на дела поврзани со корупција. Конвенцијата ги покрива слуаите на активен или пасивен поткуп на домашни или странски јавни фукнционери, национални или странски парлементарци или членови на меѓународни парламентарни собранија, меѓународни државни службеници, тргнување со влијание (ДКСК 2022: 19). Врз основа на резолуцијата за борба против корупцијата во 1999 година во рамките на Советот на Европа беше воспоставена “група на држави против корупција” – ГРЕКО. Оваа тело има за цел да ги подобри капацитетите на земјите членки на Советот на Европа во борбата против корупција преку мониторинг на нивната усогласеност со антикорупциските стандарди. Мониторингот се состои од евалуација на подложноста на корупција која се заснива на одговори кои државите ги даваат на прашалник подготвен од ГРЕКО, како и на посета на државите кои се предмет на мониторирање. Република Северна Македонија приспапи кон Советот на Европа 9.10.1995 и ја ратификуваше конвенцијата против корупција во 1999 година.

Превенција на корупцијата во животната средина

Имајќи предвид дека според релеватни истражувања како истражувањето на Македонскиот центар за меѓународна соработка, корупцијата не е идентидикувана како еден од трите најзначајни општествени проблеми, дека постои благ тренд на поголема прифатливост на корупцијата и дека во судската пракса постои мал број на дела за случаи на корупција, очигледна е потребата од подигнување на јавната свест за значењето на корупцијата, за нејзините општествени последици и за нејзина превенција (МЦМС 2016: 41). Превенцијата и



Слика 5, Заштита на околината
Извор: Environmental Council n.d

спречувањето на корупцијата не се едноставни процеси и подразбираат ангажман на секој поединец во општеството и на општеството во целина. Секој поединец има морална и законска обврска да се бори против корупцијата. Тоа значи препознавање и воздржување од коруптивни дејствија и пријавување на случаи кога постои сомнеж за корупција. Но, недовербата кон функционалноста на институциите кои треба да се борат со корупцијата влијае на тоа граѓаните да сметаат дека пријавувањето на корпуција е бесполезна и залудна работа. Некои неодамнешни истражувања покажуваат дека граѓаните се на мислење дека не само што пријавувањето на корупција е бесполезно, туку може да биде котрапродуктивно, односно да има последици кон оние кои пријавиле корупција (Димитровска 2023: 4). Оттука, првиот чекор во превенцијата на корупцијата мора да биде градење на довербата кон институциите одговорни за справување со корупцијата, а за да се направи тоа, самите институции мора да покажат функционалност, ефикасност и транспарентност во работата. Ефикасното решавање на случаите во кои постои сомнеж за корупција ќе им даде на граѓаните чувство дека институциите за превенирање и спротивставување на корупција се функционални, дека евентуалното пријавување на корупциски сличаи нема да има негативни реперкусии по нив. Добар пример во таа насока беше полициската акција "Гора" во која СВР Битола- ОВР Прилеп, одделот за криминалистичка полиција и одделот за специјални полициски операции, со поддршка на ЈП Национални шуми и внатрешна контрола на ЈП Национални шуми, лишија од слобода девет полнолетни и седум малолетни лица од Прилеп, поради тоа што вршеле нелегална сеча на шума. Во акцијата беа одземени 6 моторни возија, 15 коњи, 6 моторни пили и 45 метри кубни дрвна маса. По документирањето на случајот на лицата им беа поднесени кривични пријави, по член 226 од кривичниот законик т.е. за пустошење на шуми.

На ниво на политики, антикорупциските програми вообичаено се фокусираат на реформирање на процесот на донесување на одлуки за истиот да биде потранспарентен, реформирање на контролните механизми кои обезбедуваат одговорност на јавните службеници (Winbourne 2002: 25). На системско ниво, превенцијата на корупцијата подразбира изготвување и имплементација на стратегија за справување со корупцијата во областа на животната средина. Успешна стратегија за справување со корупцијата во областа на животната средина треба да биде системски мултисектроски и мултидимензионален документ. Стратегијата треба да вклучува мерки на превенција и подигање на свеста за штетноста од корупцијата генерално и особено во областа на заштита на животната средина. Подигањето на свеста за штетните последици од корупцијата во областа на заштита на животната средина придонесува за одрживост на антикорупциските политики и намалување на просторот во кој се можни коруптивни практики. Препорачливите антикорупциски политики вклучуваат подобрување на транспарентноста и одговорноста во областите кои имаат импликации на животната средина, менување на законодавството во насока на намалување на недореченостите во истото, како и намалување на дискреционите права на чиновниците во јавната администрација, воведување на разумни еколошки стандарди и барања, поедноставување и рационалиација на административните процеси, учество на граѓаните во процесите кои вклучуваат надзор на работата на јавната администација во случаите кои може да имаат импликации по животната средина, сеопфатни кампањи за подигање на јавната свест за штетните последици од корупцијата генерално, а особено таа што има последици по квалитетот на животната средина и промоција на нетолеранција кон корупцијата. Рационализацијата, односно поедноставувањето на процедурите може да биде значаен механизам за превенирање на корупцијата во областа на заштита на животната средина. Поедноставувањето ги прави процедурите јасни, го намалува обемот на интеракции меѓу заинтересираните страни и јавните службеници и го намалува просторот за субјективни интерпретации на регулативата. Рационализацијата би требало да вклучува внатрешни и надворешни котроли на процесот на носење на одлуки во областа на животната средина.

Како доста ефикасна алатка во борбата со корупцијата во областа на животната средина се покажува давањето на овластување на граѓани да го набљудуваат процесот на носење одлуки во областа на животната средина. Вообичаено граѓанските набљудувачки групи се состојат од граѓани кои се професионалци во областа на животната средина и развојот на политики за следење на владините и административните активности. Медиумите исто така може да играат значајна улога во објавување на резултатите од процесот на набљудување на носењето на одлуки во областа на заштита на животната средина.

Превенцијата и спречувањето на корупција во областа поврзана со заштита на природата и здравјето на граѓаните добива на значење во

последниот период со воведувањето на еколошки и други дозволи кои деловните субјекти треба да ги задоволуваат за да започнат или да продолжат со извршувањето на своите дејности кои потенцијално би можеле да го загрозат квалитетот на животната средина. Ризикот од корупција во областа на заштита на животната средина се поврзани токму со издавањето на различни дозволи, особено со издавањето на А и Б еколошки дозволи. Еколошките дозволи се издаваат врз основа на законската регулатива и подзаконските акти, а ги издава министерството за животна средина и просторно планирање по претходна електронска апликација на заинтересираните правни субјекти. Ризикот од појава на коруптивно поведение овде го зголемуваат недоволно развиените инструменти за надзор и одговорност во процесот на издавање на еколошките дозволи. Дополнителен ризик од коруптивно поведение постои при вршење на инспекциски надзор во работата на субјектитите кои потенцијално може да го загрозат квалитетот на животната средина.

Значаен фактор на одвраќање од намерата за коруптивно поведение, односно во превенција на коруптивно поведение е казнената политика за лицата вклучени во корупција. Одговорноста оди на ниво на лицето кое е директен непосреден сторител на кривичното дело корупција, независно од тоа дали лицето било свесно дека неговото поведение е коруптивно и дека подлежи на кривична одговорност, незавосно од тоа дали сакало да оствари корист од коруптивното поведение или не или дали навистина остварило корист или не, незавиосно од тоа дали дало или примило мито директно или тоа го направило трето лице во име на лицето или лицата кои го поттикнале и организирале кориуптивното поведение. Поркај директните сторители на коруптивното поведение, за корупција може да одговараат институциите во кои се вработени или извршуваат финцкии лицата кои поттикнале или непосредно учествуваче во коруптивно поведение. Квалитетот на човечкиот факор може да го зголеми ризикот од коруптивно поведение во областа на животната средина. Фактори кои придонесуваат за зголемувањето на ризикот од човечкиот фактор во појавата и проширувањето на корупцијата се: недостатокот на интегритет на лицата кои работатат во јавната администрација задолжена да се грижи за квалтитетот на животната средина, недостатокот на компетенции, подложноста на влијанија од приватниот сектор, од полтиката и постојаната изложеност на ризици.

Систем за превенција и спречување на корупција во областа на животната средина во Република Северна Македонија

Системот на превенција и спречување на корупција во областа на животната средина опфаќа органи и тела кои носат и спроведуваат политики и преку инспекциски надзор се грижат за квалитетот на животната средина. Треба да се има на ум дека сите органи и тела кои се дел од системот за превенција и спречување на корупција во областа на животната средина или поединци и групи во нив, може самите да бидат вплеткани во случаи на корупција. Меѓу органите и телата кои се дел од системот за превенција и спречување на корупција во Северна Македонија спаѓаат: Владата на Република Северна Македонија, инспецискиот совет, државниот иснпекторат за животна средина, државниот инспекторат за шумарство и ловство, шимската полиција, државната комисија за спречување на корупција, граѓанските организации и медиумите.



Слика 6, превенција на корупција
Извор: Environmentalists and Anti-graft Agency join Forces to fight Corruption

Влада на Република Северна Македонија – Владата на Република Северна Македонија креира, утврдува и реализира политики, носи уредби и предлага закони и стратешки документи во областа на животната средина. Во март 2021 година, Владата на Северна Македонија го објави својот план за борба против корупцијата "Агенда 21" (Влада на РСМ 2021). Во него приоритет е даден на

дигитализацијата како алатка во борба против корупцијата. При тоа особено внимание е посветено на интероперабилноста како платформа за безбедна размена на бази на податоци на надлежните органи за борба против корупцијата. Во својата програма за работа од 2020 Владата на Северна Македонија ги издвојува борбата со корупцијата и заштитата на животната средина како приоритети. Делот за борба против корупција во Програмата на Владата, именуван како "стоп на злоупотреби" укажува дека корупцијата и политичките злоупотреби се непријатели на граѓаните и институциите. Тие го оштетуваат буџетот, ја рушат правната држава, ги слабеат институциите и ја загрозуваат демократијата, создавајќи недоверба меѓу граѓаните. Борбата против корупцијата на Владата на СРМ вклучува транспарентност, заштита на слободата на медиумите, поддршка за силна и независна државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и нулта толеранија во случај на откриени злоупотреби (Влада на РСМ 2020:34). Во истата програма во одделнот за "заштита на животна средина и зелен развој" е посочено дека правото на здрава животна средина е фундаментално граѓанско право. За остварување на овој приоритет во програмата на Владата е предвидено контрола на државниот инспекторат за животна средна и на локалните инспекторати и нивно вмрежување за подобрување на капацитетите за контрола на квалитетот на животната средина, заострување на казните во областа на заштита на животната средина итн (Влада на РСМ 2020: 42).

Инспекциски совет е клучна институција во системот на инспекциски надзор. Тој како меѓуресорско тело за координација на инспекциските служби е воспоставен 2010 година, а од 2019 година прераснува во самостоен орган на државна управа чија надлежност е следење и координација на работењето на инспекциските служби на централно ниво. Тој меѓу другото ја следи и координира работата на инспекторатот за животна средина (Инспекциски совет n.d.).

Државен инспекторат за животна средина е орган кој врши редовен и вонреден инспекциски надзор над примената на техничко-технолошките мерки за заштита на воздухот, водите, земјиштето, флората и фауната од деградирање и загадување. Државниот инспекторат за животна средина има ингеренции да се грижи за квалитетот на амбиентниот воздух, заштита на природата, заштита од бучава, управување со отпад, батерии и акумулатори итн. Врз основа на наодите на државниот инспекторат јавното обвинителство покренува кривилни обвинениа. Во 2019 година јавното обвинителство на РСМ добило пријави за кривични дела против животната средина и природата против 421 лице. Во истата таа година јавните обвинителства покренале обвинениа против 141 лице, а од страна на судовите биле донесени пресуди за 112 лица. Меѓутоа работите стојат поинаку кога се работи за корупција во областа на животната средина. Последниот случај во кој било покренато обвинение за корупција во областа на животната средина е 2015 година, а обвинението се однесува на настани кои се случиле 2009 година (ОБСЕ 2020: 32).

Државен инспекторат за шумарство и ловство е орган во чија надлежност е вршењето инспекција во процесот на експоатација на шумите. Државниот инспекторат за шумство и ловство има една единица за административни работи и пет регионални единици (РЕФОРД 2023: 6). Работата на државниот инспекторат за шумарство и ловство ја извршваат државните испектори за шумарство врз основа на Законот за контрила и промет т.е. продажба на дрвото. Државниот инспекторат за шумарство и ловство врши контрола на работите на одгледување, заштита и користење на шумите, објектите, уредите, како и сите места каде дрвото се сече изнесува од шума, пренесува, превезува, сместува итн.

Шумска полиција е орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство формиран во 1998 година и задолжен за заштита на шумските предели од дрвокрадство (ОБСЕ 2020). Согласно Законот за шуми, шумската полиција врши контролно – патролно чување на шумите. Овие активности најчесто ги вршат моторизирани патроли. Шумската полиција е дисперзирана во триесет регионални шумски полициски станици (РЕФОРД 2023: 6). Меѓу надлежностите на шумската полоција спаѓа: чување на шумата, интервенции при незаконски дејствија во шумите, спречување, легитимирање и привремено задржување на лица затекнати или осомничени дека вршат прекршоци казниви според законот за шуми, привремено одземање на предмети и средства со кои е сторено кривично дело или прекршок.

Државна комисија за спречување на корупција (ДКСК) е независно тело кое цели кон примена на мерките и активностите за спречување на корупција. ДСКС ја изготвува националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси. Една од надлежностите на комисијата е постапување по претставки на граѓаните за случаи на корупција. Доколку утврди сомнеш за постоење на корупција комисијата може да побара од јавен обвинител да преземе постапка за утврдување на кривична

одговорност. Во случаите на судир на интереси ДКСК има право самата да изрече одредени мерки, како на пример да побара од функционерот да се откаже од една од функциите, а доколку тоа не се случи тоа, да побара негово разрешување.

Граѓанските организации кои работат во областа на антикорупцијата се една од алките кои на граѓаните им стојат на располагање во системот на превенција и спречување на корупција. Некои од овие организации нудат бесплатна правна помош, правни совети за заштита на човековите права, обезбедуваат информации, покренуваат медиумско внимание за случаите на корипција итн. Во одредени сличаи се случувало граѓанските оргсанизации да покренат кривични пријави за сомнеж за корупција. Граѓанските организации кои се занимаваат со превенција и спречување на корупција прават анализи, пишуваат извештаи и ги следат случаите на кориптивни практики во судовите.

Медиумите генерално земено покажуваат значаен интерес за случаите во кои е загрозено остварувањето на јавниот интерес. Оттука интересот на медиумите за објавување на прилози за корупција, организирање на дебати за темата исл. Медиумите се природен партнер на институциите и телата кои се борат против корупција во создавањето на јавна свест за неприфатливоста на коруптивното поведение.

Институции каде што постои ризик од појава на корупција во заштитата на животната средина

Институциите каде што постои ризик од појава на корупција во областа на животната средина се оние кои управуваат со значајни ресурси во областа на животната средина. Кај таквите институции постои ризик за корпутивно поведение при издавање на различни дозволи и лиценцни и при вршењето на јавни набавки. Институции кај кои постои ризик од корупција во областа на животната средива во Република Северна Македонија се: министерството за животна средина и просторно планирање, управата за живтона средина, министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерството за економија, јавното претпријатие национални шуми и националното здружение на сопственици на приватни шуми.

Министерство за животна средина и просторно планирање е централен орган на извршката власт за работите од областа на заштитата на животната средина и просторното планирање. Ова министерство учествува во изработката на националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси.

Управа за животна средина е орган во рамките на Миснистерството за животна средина и просторно планирање надлежна за вршење на стручните работи од областа на заштитата и унапредувањето на животната средина и природата. Во состав на управата за животна средина функцинираат: сектор за природа, сектор за животна средина, сектор за води, сектор за отпад и сектор за индустриско загадување и управување со ризици.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство има значајна улога во зачувувањето и одржиото користење на биолошката разновидност преку обезбедување и спроведување на мерки за заштита на шумите, почвата и водите.

Министерство за економија има значајна улога во зачувувањето и одржиото користење на природни ресурси преку дејности во секторот на минерални суровини. Во регистарот за ризици од корупција во министерството за економија стои дека најголемите ризици за корупција се јавните набавки, вработувањата, овластивањата на службените лица, реализацијата на владините програми. За секој од ризиците постојат механизми на контрола на борбата против корипција кои се во надлежност на различни инстанци во рамките на министерството (Министерство за економија n.d.). Меѓу позначајните мерки за борба против корупцијата во министеството за економија спаѓаат: јакнењето на интегритетот на вработените и градење на култура на нетолерантност кон корупцијата, контрола и надзор на јавните набавки и процесот на управување со јавните финансии, почитување на етичкиот кодекс од страна на вработените, зголемување на транспарентноста и доследно спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Министерство за економија 2022).

Јавно претпријатие **"Национални шуми"** е јавно претпријатие кое се грижи за шумскиот фонд во државата. Со Законот за шуми ЈП "Национални шуми" е овластено да стопанисува со шумите вршејќи стопанска и заштитна функција (РЕФОРД 2023: 6). Стопанската дејсност на претпријатието е поделена на: дрво и дрвни сортименти, лов и ловен туризам, расадници и други шумски производи. Во

борбата со ризиците од корупција ЈП Национални шуми соработува со граѓанскиот сектор. Добар пример се работилниците организирани од Центарот за стратешки инстражувања и документација "Форум" во рамиките на проектот "Запознавање со механизмите и алатките за спречување на криминал и корупција при експлоатација на шуми" кои се одржаа 2020 година, а на кои експерти од ЈП "Национални шуми" ги презентираат состојбите и проблемите со заштита на шумите од незаконска сеча на дрво (Форум 2020).



Слика број 7, Лого на ЈП Национални Шуми
Извор: Национални Шуми (n.d.)

Национално здружение на сопственици на приватни шуми е здружение на сопственици на приватни шуми кои се надвор од ингеренциите на ЈП Национални шуми. Претставниците на ова здружение укажуваа дека корупциката во шумарството може да се појави во секоја од фазите од сеча, преку дотур, транспорт до продажба на шума.



Слика број 8, лого на националното здружение на сопственици на приватни шуми
Извор: Национално здрушение на приватни шуми (n.d.)

Законска регулатива за заштита на животната средина во Република Северна Македонија

Уставот на Република Северна Македонија во член 43, став 1 го обезбедува правото на здрава животна средина на секој граѓанин. При тоа секој граѓанин има право и должност да ја унапредува и штити животната средина и природата (член 43, став 2). Природните богатства на земјата, растителниот и животинскиот свет Уставот ги определува како добра од општ интерес, кои имаат посебна заштита. Современата, актуелна регулатива за заштита на животната средина опфаќа неколку законски решенија како на пример Закон за животна средина (Слубен весник бр. 99/18), Закон за заштита на природата (Службен весник бр. 146/15), Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух, (Службен весник бр. 146/15), Закон за управување со отпад, (Службен весник бр. 192/15), Закон за водите, (Службен весник бр. 146/15), Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема, (Службен весник 6/2012) Закон за шуми, (Службен весник бр. 47/97), Закон за урбанистичко планирање, (Службен Весник 32/2020 А), Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник бр. 47/2011).

Во рамките на законската регулатива за зашита на животната средина се издвојуват Законот за заштита на природата донесен 2004 година Законот за животна средина донесен во 2005. Историски гледано, заштитата на животната средина беше регулирана со Законот за заштита на природните реткости од 1973 година, Законот за заштита на национални паркови од 1980та година и Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата од 1996 година (НСЗП 2018: 20). Законот за заштита на животната средина од 2005 ја регулира улогата на централната и локалната власт, како и на правните и физичките лица т.е. граѓаните во заштитата и унапредувањето на животната средина. Овој закон цели кон заштита, обновување и унапредување на животната средина, заштита на животот и здравјето на луѓето, заштита на биолошката разновидност итн. Еден од позначајните принципи вградени во овој закон е постапката за оценка на влијанието врз животната средина и постапката за стратегиска оценка на влијаниата врз животната средина на стратегии, планови и програми во кои се вклучени мерки и активности за заштита



и одрживо користење на природата. Исто така, значаен Закон кој треба да ги постави стандардите во односот кон природата е Законот за заштита на природата од 2004 година. Тој Закон ги утврдува и следи состојбите со природата во обидот да го обезбеди правото на граѓаните на здрава животна средина. Заштитата на природата според Законот за заштита на природата е уредена преку заштита на природната и пределската разновидност и заштита на природното наследство во заштитените подрачја и надвор од нив. Овој закон има за цел да ги следи состојните со природата, да ја зачува и обнови постојната биолошка и пределска разновидност и природната рамнотежа.

Борбата со корупцијата подразбира вкрстување во една точка на законската регулатива за заштита и унапредување на животната средина од една страна и законското решение за спречување на корупција и судирот на интереси и кривчниот законик од друга страна (Службен весник бр. 12/2019 А). Според Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси за коруптивните дејствија поединците, корпорациите и организациите се кривично одговорни. Спојот на заштитата и унапредувањето на животната средина и спречувањето на корупцијата која ја деградира животната средина може да се најде во националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси. Актуелната национална стратегија се применува во периодот 2021 – 2025. Таа како приритетен сектор во областа на заштита на животната средина го идентификува законот за управување со отпад во делот на регионално управување со отпад (ОБСЕ 2020: 31; ДКСК 2020: 5).

Акциони планови за спречување на корупција на општинско ниво (превенција на корупција на средно ниво)

Како дел од изработката на националната стратегија за заштита на природата, се изработува акционен план каде се дефинирани подрчја и ризици и детектирани тековни проблеми поврзани со заштитата на природата. Дополнително на тоа, секоја од општините изготвува и спроведува годишен акционен план за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Со плановите, општините треба да ги зајакнат своите капацитети за заштита, застапување и остварување на јавниот интерес. Акциониот план на општина Битола за 2023 година на пример, предвидува седум приоритетни области во кои треба да се намали ризикот од појава на корупција (Општина Битола 2023). Меѓу приоритетните области спаѓаат: 1. Управување со општинскиот имот (воспоставување на ефикасни механизми за управување со имотот на општината), 2. Зајакнување на механизмите на граѓански надзор и контрола во процесот на планирање и реализација на буџетот на општината, 3. Поголема контрола на јавните набавки преку намалување и контрола на дискреционите овластувања при донесувањето на одлуки за видот на јавни набавки кои ќе бидат распишани и зголемување на транспарентноста и контролата на набавките, 4. Зајакнување на интерните механизми за контрола во организационите единици на општинската администрација, 5. Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето – проактивна транспарентност т.е. обезбедување на поголема виднивост и достапност на информациите од работата на општината 6. Откривање на корупција преку механизмите за постапување по пријави од укажување, 7. Спроведување на јавни повици за субвенционирање на мерки за заштита на животната средина и природата.

При објавувањето на повиците за доделување на субвенции за заштита на животната средина може да се појават коруптивни практики. Субвенициите се доделуваат врз основа на поднесените барања на граѓаните при што службеникот донесува акт за доделување на субвенции. Во тој процес може да се појави ризик од коруптивно поведение. За намалување на ризите од корупција во процесот на доделување на субвенции на граѓаните потребно е

прецизмо дефинирање на процедурата, роковите, критериумите и условите за доделување на субвенциите. Со тоа би се намалиле дискреционите права на службениците кои одлучуваат во текот на постапката за доделивање на субвенции (Општина Битола 2023: 8).

Како да се пријави корупција (превенција на корупција на ниско ниво)

Секој граѓанин има одговорност во превенцијата и спротивставувањето на корупцијата, со тоа што ќе ги почитува законските прописи, нема да зема, ниту нуди поткуп и ќе ги поттикнува останатите да се однесуваат на ист начин. Но, секој граѓанин нема доволно информации и свест за тоа како да се спротивстави на случаите на корупција во неговото непосредно опкружување. Затоа од клучно значење е континуираната обука и подигањето на нивото на знаење и свеста за правата кои граѓаните ги имаат во општествените сфери во кои доминира ситната корупција како (здравството, добивањето лични документи, дозволи итн.). Кога имаат сомнеж дека во одредени случаи постои коруптивно поведение, граѓаните можат да го пријават тоа.

> ***Каде да се пријави корупцијата?***
>
> ***Пријавувањето на корупцијата може да биде внатрешно пријавување или надворешно пријавување.***

Внатрешното пријавување се врши во институцијата, преку овластеното лице за прием на пријави за корупција.

Надворешното пријавување се врши во:

- Министерството за внатрешни работи;
- Јавното обвинителство;
- Државната комисија за спречување на корупцијата;
- Народниот правобранител на Република Северна Македонија;
- или други надлежни институциии.

Надворешното пријавување се врши во случај кога пријавувањето е непосредно или посредно насочено против раководното лице во институцијата, кога по внатрешното пријавување, пријавувачот не добие информација дали се преземени мерки во рок од 15 дена од поднесување на пријавата, или доколку не се преземени мерки по пријавата или пријавувачот (укажувачот) не е задоволен од преземените мерки, како и кога во случај на внатрешно пријавување би настанале штетни последици по лицето кое ја поднело пријавата или по негово блиско лице.

Како се пријавува корупција кај овластеното лице за прием на пријави ?

Пријавата за корупција до лицето кое е овластено за прием на пријави за корупција се доставува на два начина:

- усно на записник или
- во писмена форма.

Кои се должностите на овластеното лице за прием на пријавата за корупција?

Овластеното лице за прием на пријави за корупција е должно:

- да постапува со пријавата согласно закон
- да ги заштитува личните податоци на пријавувачот, односно податоците врз основа на кои може да се определи идентитетот на пријавувачот (кога тој сака да остане анонимен) или пријавува доверливо, согласно прописите за заштита на личните податоци;
- за постапувањето по пријавата да го извести пријавувачот (доколку е познат) и за преземените мерки во рок од 15 дена од денот на приемот на пријавата.

Случаи на сомнеж за корупција може да пријават граѓаните кои се надвор од системот кој треба да пружа јавни услуги, но и оние кои се вработени во системот на јавната администрација, имаат инсајдерски информации кои укажуваат дека поради коруптивни практики, системот на јавната администрација не е во можност целосно да работи во јавен интерес. Укажувачите на корупција со инсајдерски информации може да имаат статус на

вработени, практиканти, волонтери, надворешни соработници во институциите во кои пријавуваат корупција. Правата на таквите лица се регулирани и заштитени во Законот за заштита на укажувачи (Службен весник на Р.М. бр. 256/2020 В). Законот го штити укажувачот и неговите блиски лица од негативни реперкусии т.е. трпење на штета поради укажувањето на корупција. Но, укажувачот има обврска да не ја злоупотребува заштитата која му ја гарантира законот. Заштитата на лицето кое укажува на корупција во практика значи дека тоа лице не може да биде отпуштено од работа, не може да назадува во хиерархијата кај работодавецот, не може да му биде намалена платата.

Кои се потребните податоци за успешен поднесок за коурпција?

Пријавата треба да ги содржи следните податоци:

- сторител на корупцијата со јасни податоци за правното или физичкото лице
- докази за стореното дело како материјални докази или сведоци на коруптивното дејание.

Откога ќе ја прими пријавата, полицијата е должна за случајот да го извести основниот јавен обвинител. Доколку постојат сомнежи за корупција поради несоодветно постапување на службени лица пример полицајци или инспектори кои не постуваат по сигнали кои доаѓаат од граѓаните, а не постојат докази дека биле инволвирани во коруптивни дејанија, тие може да одговараат за несовесно вршење на службената должност. Доколку постојат материјално докази како обележани банкноти со кои е сторено коруптивното дејание, снимки, слики или сведоци, тогаш постои основа за покренување на кривична одговорност за сторителите на коруптвиното поведение.

Во случаите на коруптивно поведение во областа на животната средина, значаен индикатор за евентуално коруптивно поведение би можеле да бидат одлуките кои ги носат надлежните органи, а кои им одат во прилог на привтни интереси, наместо да ги штират јавните интереси и благосостојата на граѓаните. Следењето на текот на парите во комбинација со сомнителни одлуки на надлежни органи може да биде значаен елемент на доказниот материјал доволен за покренување на кривична постапка против лицата за кои постојат сомнежи дека учествувале во коруптивни дејанија кои имаат за последица загрозување на животната средина. При разгледувањето на сомнежите и покренувањето кривични постапки за корупција, треба да се има предвид презумцијата на невиност на лицата за кои постојат сомнежи или кои се обвинети за коруптивно поведение.

Класичен пример за коруптивно поведение во животната средина е бесправна сеча на шума. Може да замислиме ситуација во која господин Петар бесправно сече шума, која не е обележана за сеча. Доколку тоа се случува подолг временски период, случајот го забележале неговите соседи и некој од нив го пријавил на шумска полиција, а таа подолго време не реагира на поднесената пријава ниту со опомена,ниту со одземање на бесправно присвоените дрвја и алатките и сретствата со кои се тие присвоени. Во тој случај може да се појави сомнеж за причините поради кои шумската полиција не постапува во согласност со своите надлежности. Едно од логичните објаснувања е дека се работи за корупција, непотизам, или тргнување со влијание, поради што полициските службеници не ги исполнуваат своите законски должности. Во таков случај може да биде покрената постапка за несовесно извршување на службените обврски. Но, доколку постојат материјални докази или сведоци дека шумската полиција не постапува поради тоа што е корумпирана, поради тоа што лицето кое врши незаконска сеча на шума лично или преку трети лица му врши услуга не некој од полицајците, постои основ за покренување на постапка за корупција.

Според анализите на релевентни истражувања, акциите на полициските станици во Прилеп, Долнени и Кривогаштани за заплена на дрва стекнати со нелегална сеча и во врска со други кривични дела, често пати пропаѓаат (Демири 2022: 2). Постои сомнеж дека тоа се случува поради тоа што меѓу осомничените има вклучено лица и полицајци од населените места во кои се лоцирани полициските станици. Доколку не постојат докази за корупција, тогаш одговорните лица за неспроведување или немарно спроведување на акциите би можеле да одговараат за несовесно извршување на службената положба, односно за злоупотреба на служена положба.

За случаите на сомнеж за корупција граѓаните исто така може да поднесат претставка до Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) или до народниот правобранител. Доколку утврдат сомнеж за корупција, ДКСК или народниот правобранител може да побараат од јавниот обвинител утврдување на евентуална кривична одговорност. Претставката

мора да ги содржи личните податоци на подносителот, а треба да ги содржи и околностите за случајот, организацијата на која се однесува, како и докази кои ги поткрепуваат тврдењата изнесени во неа. Претставката може да се поднесе во име на друго лице, но во таков случај потребна е согласност од оштетениот за да се постапува по неа. Откако пријавата ќе стигне до Државната комисија за спречување на корупција, таа мора да постапи, односно да ја разгледа и да постапи по неа. Според некои извештаи, на седниците на Државната комисија за спречување на корпуција има и по 80 пријави за корупција и конфликт на интереси (НВО инфоцентар 2022). Секоја пријава на сомнеж за корупција не мора да заврши со утврдување на корпуција. Имено, половина од пријавите за корупција со државната комисија за борба против корупцијата за 2021 завршиле така што не е утврдена корупција.

Задаимсеовозможинаграѓанителесноианонимнода пријавуваат корупција Транспаренси Интернејшнал Македонија и Центарот за меѓународни односи го создадоа проектот пријави корупција. Во рамките на тој проект граѓаните имаат можност да пријават корупција на email адреса info@prijavikorupcija.org, како и на соодветен телефонски број. Граѓаните кои сакаат да пријават корупција може анонимно да разговараат со правниот сектор на Транспарентност Интернејшанал – Македонија. Во разговор со правниот сектор може да добијат соодветен одговор, помош и да го следат постапувањето по пријавата. Генерално земено за да се покрене постапка за коруптивно поведение во областа на животната средина, пријавителот треба да укаже на датумот, локацијата на кои е сторено коруптвино дејание, на имињата, позициите и фунцкиите на лицата кои се инволвирани, детали за карактеристиките на доказите, по можност да се достават доказите. Пријавителот на коруптивно поведение исто така, треба да ги соопшти имињата на евентуалните сведоци на коруптивното поведение, нивни контакт информации, да ја појасни сопствената врска со настанот, како дознал за него, во која улога се наоѓа како вработен, хонорарец, клиент на некои од правните лица инволвирани во коруптвиното поведение или загрижен граѓанин заинтересиран за заштита на животната средина (Транспарентност Интернешнал – Македонија n.d.).



Слика 9, Пријави корупција
Извор: Пријави корупција (n.d.)

Литература

1. А1он.мк (2022) Шеснаесет лица приведени за пустошење на шуми во прилепско https://a1on.mk/macedonia/video-16-lica-privedeni-za-pustoshenje-na-shumi-vo-prilepsko/ (06.12.2023)
2. Van Dinh Thuy Thi (2011) Addressing Corruption in the Environmental Sector: How the United Nations Convention against Corruption Provides a Basis for Action; fourth Conference of States Parties to the United Nations Convention against Corruption, Marrakesh, Morocco
3. Влада на РСМ (2021) Агенда 21; Скопје: Влада на Република Северна Македонија https://vlada.mk/sites/default/files/img/plan_za_borba_so_korupcija_-_akcija_21.pdf
4. Влада на РСМ (2020) Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2020 – 2024; Скопје: Влада на Република Северна Македонија https://bco.mioa.gov.mk/wp-content/-2020-2024.pdf
5. Демири Мариглен (2022) Истоштени шуми [Електронски извор] : мапирање на организираниот криминал во форма на бесправна сеча на шуми; Скопје : Центар за европски стратегии Евротинк
6. Димитровска Марија (2023) Перцепции за корупцијата и мотивација за вклучување во борба против корупцијата – заклучоци од реализирани фокус групи; Скопје: Институт за демократија – "Социетас Цивилис"
7. Догов Петар (2022) Густа е мрежата на ризици од курупција во животната средина; Фондација Отворено Општество: Скопје
8. Државна комисија за спречување на корупција, ДКСК (2022) Прирачник за лица за интегритет
9. Државна комисија за спречување на корупција, ДКСК (2020) Национална стратегија за спречување на корупција и судирот на интереси
10. Environmental Council (n.d) Environmental Council, https://cdmdna.gov.sa/page/24)
11. Environmentalists and Anti-graft Agency join Forces to fight Corruption (2021) Environmentalists and Anti-graft Agency join Forces to fight Corruption, https://cleanmalaysia.com/2017/04/04/environmentalists-anti-graft-agency-join-forces-fight-corruption/,
12. European Commission (n.d.) European Semester Thematic Factsheet: Fight Against Corruption https://commission.europa.eu/document/download/9568635f-93e0-4f71-8ce5-7d8b5550e17e_en?filename=european-semester_thematic-factsheet_fight-against-corruption_en.pdf
13. Eye on ESM (2021) Business and Human Rights: The Corruption Dimension; https://www.eyeonesg.com/2021/05/business-and-human-rights-the-corruption-dimension/
14. Инспекциски совет (n.d.) Инспекциски совет, https://is.gov.mk/overview/
15. International Republican Institute (n.d.) Connecting Environmental Protection and Anticorruption in Southeastern Europe; https://www.iri.org/news/connecting-environmental-protection-and-anticorruption-in-southeastern-europe/
16. Јовановски Митко (2020) Политичката моќ ја штити високата корупција; Скопје: Нова Македонија
17. Македонски Центар за Меѓународна Соработка, МЦМС (2016) Извештај за проценка на корупцијата; Македонски Центар за Меѓународна Соработка: Скопје
18. Министерство за економија (2022) Годишен план за проценка на ризици и борба со корупција во Министерството за економија; Скопје: Министерство за економија
19. Министерство за економија (n.d.) Регистар на ризици од корупција во Министерството за економија, https://www.economy.gov.mk/content/REGISTAR%20NA%20RIZICI%20OD%20KORUPCIJA%20VO%20MINISTERSTVOTO%20ZA%20EKONOMIJA%20MK.pdf,
20. Mrvić-Petrović Nataša (2001) Korupcija i strategije njenog suzbijanja; Beograd: Temida
21. Национални шуми (n.d.) Вовед: за шумите, http://www.mkdsumi.com.mk/index.php
22. Национално здрушение на приватни шуми (n.d.) Национално здрушение на приватни шуми, https://energosistem.com.mk/portfolio/natsionalno-zdruzhenie-na-sopstvenitsi-na-privatni-shumi/

23. Национална стратегија за заштита на природата НСЗП, (2018) Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027, Скопје: Министерство за животна средина и просторно планирање
24. НВО инфоцентар (2022) Половина од пријавите до Антикорупциска завршуваат без утврдена корупција; https://nvoinfocentar.mk/polovina-od-prijavite-do-antikorupciska-zavrsuvaat-bez-utvrdena-korupcija/
25. Nye Joseph (1967) Corruption and Political Development: A Cost – Benefit Analysis; The American Political Science Review, Vol. 61, No.2, pp. 417 - 427
26. ОБСЕ (2020) Извештај за ризиците од корупција во животната средина во Република Северна Македонија, Скопје
27. Општина Битола (2023) Годишен план за спречување на корупција и судирот на интереси
28. Пријави корупција (n.d.) сакам да кажам, https://prijavikorupcija.sdk.mk/
29. РЕФОРД, Регионален Центар за Шумарство и Рурален Развој (2023) Прирачник за борба против нечегални активности во шумите; Скопје: Рефорд
30. Службен весник 32/2020 (2020 A) Законот за урбанистичко планирање
31. Службен весник 256/2020 (2020 B) Законот за заштита на укажувачи
32. Службен весник бр. 12/2019 (2019 A) Закон за спречување на корупција и судир на интереси
33. Службен весник бр. 275/2019 (2019 B) Закон за класифицирани информации
34. Слубен весник бр. 99/18 (2018) Закон за животна средина
35. Службен весник бр. 146/15 (2015 A) Законот за заштита на природата
36. Службен весник бр. 146/15 (2015 B) Законот за квалитетот на амбиенталниот воздух
37. Службен весник бр. 146/15 (2015 C) Законот за водите
38. Службен весник бр. 192/15 (2015) Законот за управување со отпад
39. Службен весник 6/2012 (2012) Законот за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема
40. Службен весник бр. 47/2011 (2011) Законот за заштита од бучава во животната средина
41. Службен весник бр. 37/2007 (2007) Закон за ратификација на конвенцијата на ООН за борба против корупцијата
42. Службен весник бр. 47/97 (1997) Закон за шуми
43. Trading Economics (n.d.) North Macedonia Corruption Rank, https://tradingeconomics.com/macedonia/corruption-rank
44. Транспарентност Интернешнал – Македонија (n.d.) Пријави корупција; https://transparency-watch.org/page/index/2
45. The World Bank (2000) Anticorruption in Transition: A Contribution to the Policy Debate. Washington, D.C
46. Управа на финансиска полиција (n.d.) Кривична пријава против Раководен државен службеник при Министерството за животна средина и просторно планирање, https://finpol.gov.mk/mk/221216-krivichna-prijava-protiv-rakovoden-drzhaven-sluzhbenik-pri-ministerstvoto-za-zhivotna
47. Форум (2020) "Запознавање со механизмите и алатките за спречување на криминал и корупција при експлоатација на шуми"; Скопје: Форум
48. Callister J. Debra (1999) "Corrupt and Illegal Activities in the Forestry Sector: Current understandings, and implications for World Bank Forest Policy." Draft Paper prepared for the World Bank Forest Policy Review
49. Council of Europe (1997) Resolution (97), 24 on the twenty guiding principles for the fight against corruption, https://rm.coe.int/16806cc17c
50. Winbourne Svetlana (2002) Corruption and the Environment; Washington: Management System International